Архивски број: 08-318/6
05-08-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-499/1 од 6.9.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје, со седиште на [redacted], против Алфа Телевизија, со седиште на ул. Качанички пат бр. 144, [redacted], за сторено повикување и поттикнување дискриминација и вознемирување врз основа на сексуална ориентација, род и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 26.7.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација, род и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на [redacted] кон ЛГБТИ лицата.

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ И ПОТТИКНУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на сексуална ориентација, род и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на Алфа Телевизија, [redacted] кон ЛГБТИ лицата.

## Образложение

На 6.9.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Алфа Телевизија, [redacted], за сторена дискриминација врз основа на сексуална ориентација, род и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно наводите од претставката, станува збор за емисијата [redacted] емитувана на 26.6.2023 година на Алфа Телевизија, во која гостувале [redacted] Емисијата изобилувала со говор на омраза, односно вознемирување кон трансродовите лица и ЛГБТИ луѓето воопшто и промовирала идеи за нееднаквост на жените со мажите.

Од [redacted] сметаат дека кога Алфа Телевизија ги поканила гостите во емисијата морала однапред да знае дека тие имаат негативни ставови кон родовата еднаквост и правата на ЛГБТИ луѓето и дека при артикулирање на нивните ставови се служат со говор на омраза и дезинформации. Наведуваат дека и покрај името на емисијата, гостите немаат спротивставени ставови, а исто така и водителот и уредник ги споделува нивните ставови и им се приклучува во ширењето на говор на омраза и идеите за нееднаквост на жените и ЛГБТИ луѓето. Дополнително на ова, емисијата се емитувала во пресрет на протестот на МПЦ-ОА пред Соборниот храм во Скопје

против Законот за родова еднаквост и предлог измените на Законот за матична евиденција со кои е предвидено уредување на правното признавање на родот.

Од [redacted] истакнуваат дека родовата еднаквост и правата на трансродовите луѓе во емисијата се прикажани како најголемо зло поради кое ќе пропадне државата и човештвото. Тие се прикажани како директна закана за сите луѓе, особено за семејството, бракот и децата, за што гостите упатуваат пораки за мобилизација на населението против нив. За трансродовите луѓе било зборувано како за опасни и болни, а заговаран и егзорцизам против нив, бидејќи според гостите науката кренала раце од нив и ги препушта на црквата. Зборувајќи за родовата еднаквост, презвитерот Ивица велел дека се работи за духовна битка помеѓу доброто и злото, додека [redacted] се залагал и против еднаквост на мажите и жените, имплицирајќи дека жените треба да си ја знаат улогата.

Како пример во претставката се истакнува следната изјава:
*„Колку и да се труди жената не може да ја постигне физичката спремност на мажот. Во кошарка и во пливање жената не може да постигне резултати како мажот. Колку и да се труди мажот не може да ја постигне интуитивноста, сензуалноста на жената. Зошто се вика мајчински инстинкт? Зошто се вика женска интуиција? За тоа станува збор... многу паметни луѓе и многу одамна, мислам уште пред два века, а пред еден век сигурно, во 20ти век се донесени низа, цела палета на одлуки, меѓународни итн., во кои станува збор за рамноправноста меѓу половите... Треба да имаат рамни права, не да бидат еднакви.“*
Од [redacted] сметаат дека со оваа изјава се промовираат родови стереотипи, кои се клучна причина за родова дискриминација и исклучување на жените, како помалку способни, од јавниот живот и од спортот. Преку ваквите изјави всушност на посреден начин се охрабрува и поттикнува дискриминација врз основа на род.

Следно, [redacted] изјавил:
*„Последиците значи се девастирачки. Конкретно што можат последиците да настанат, може да настане прво и основно парализирање на општеството како такво. Не зборам македонското општество, било кое, американското, германското. Парализирање на општеството како такво да не може да функционира. Потоа второ што ќе настане е тотална девастација рушење на државата како хиерархиска поставеност. Поготово кревка македонска држава како што е, многу лесно ќе се уруши доколку тоа биде не дај боже прифатено. И третата работа што ќе завладее комплетно белата чума, така наречена бела чума, односно растурањето на бракови и не раѓањето на деца, тоа ќе се шири како зараза.“*

[redacted] на тоа се надоврзал:
*„Доколку ние се умислиме и доколку ние ја негираме реалноста таква каква што е, вистината таква каква што е, ние заминување во ментално душевно заболување, тоа е еден зачеток на едно сериозно ментално душевно заболување кое води кон личното растројство и таквата личност. Значи за оваа проблематика може и психијатрите да говорат па и ние духовниците затоа што многу често се соочуваме со личности кои доживеале таква една состојба значи таквите личности од ред причини, надворешни или внатрешни, социјални, психолошки, па земање на некои супстанци, доаѓаат до состојба кога нивниот ум нема можност за реално објективно расудување и тоа е страшно.“* [...] *„Го потврди тоа [redacted] значи има студии околу тоа за родов идентитет конкретно и во Канада и во Соединетите Американски Држави во овој филмот „Што е жена“, конкретно има сведоштво за личност која себеси се доживува како волк.“*

Во контекст на ваквите изјави, од [redacted] наведуваат дека комплетно се банализира трансродовоста и се даваат примери од луѓе кои се чувствуваат како животни (дете кое виело како волк во училница, дете кое се чувствувало како мачка и барало училиштето да му обезбеди кутија со песок за нужда), за транс луѓето се зборува како за ментално болни, а за трансродовоста како за опасна болест која се претставува и како заразна. Со ваквите изјави, тие сметаат дека се сторува непосакувано постапување кон трансродовите лица поради нивниот родов идентитет, што има за цел и последица повреда на достоинството и што создава заканувачка, непријателска, понижувачка и застрашувачка средина. На долг рок, ваквите изјави придонесуваат кон практики на директна дискриминација на трансродовите луѓе и насилства од омраза.

Понатаму во претставката се наведува дека и [redacted] на емисијата, ги поддржува ставовите на гостите и самиот има вознемирувачки изјави и изјави со кои се поттикнува и повикува на дискриминација:
*„Дали станува збор за еднаквост или целта е затскривање"*
*„Не бадијала хаштагот е „имаме должност""*
*„Дали децата се всушност онаа мета на целата"*
*„Прости што те прекинувам, Илон Маск кажа предложи ќе се бори за тоа, секој родител што ќе дозволи промена на пол на сопственото малолетно дете да добие доживотен затвор, истото го тера и Десантис, така што ова не е нешто ново што го зборуваме, но се и е реално нели."*
Водителот ја завршил емисијата со изјавата:
*„Имајќи предвид што сè се случува околу нас, чувајте се и вие и семејствата, многу!"*

Подносителите на претставката сметаат дека со оваа изјава повторно се праќа пораката дека општата популација и семејствата се директно загрозени од страна на родовата еднаквост и од страна на трансродовите луѓе, а со повикот да се чуваат се создава слика дека таа опасност не е апстрактна, туку моментална, чека зад аголот да наштети, да нападне некого.

Во прилог на претставката подносителите доставија исечоци-транскрипција од емисијата и Одлука на Советот за етика во медиумите по сличен случај против Алфа Телевизија од 2023 година.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и **потпис на подносителот**.

Од причината што доставената претставка бр. 08-499/1 од 6.9.2023 година не содржеше потпис на овластено лице од [redacted] Комисијата врз основа на член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на ден 12.9.2023 година испрати Барање за доуредување на претставката со насока таа да содржи потпис, како и печат на здружението.
Претставката беше соодветно доуредена со Допис наш бр. 08-499/3 од 26.9.2023 година.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 2.10.2023 година испрати Известување бр. 08-499/4 за произнесување по наводите од претставката до Алфа Телевизија.

Заради одлучување по претставката, а врз основа на член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 19.3.2024 година Комисијата испрати Барање за доуредување бр. 08-318/1 до [redacted] со насока да наведат адреси на двајца од потенцијалните

дискриминатори против кои ја поднесуваат претставката- [redacted], а со цел претставката да им биде доставена на произнесување.

На ден 3.4.2024 година [redacted] достави Доуредување бр. 08-318/2 со кое известува дека ги немаат адресите на [redacted] Упатуваат претставката да биде доставена до партијата [redacted] членува и во својство на чиј претставник се обратил во спорната ТВ емисија, како и до МПЦ, бидејќи [redacted] е вработен таму и во својство на отец/презвитер се обратил во емисијата.

Следствено на ова, согласно член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 17.4.2024 испрати Известување бр. 08-318/4 до [redacted] во МПЦ и Известување бр. 08-318/5 до [redacted] во политичката партија [redacted] за произнесување по наводите од претставката.

Бидејќи и по истек на законскиот рок, а до моментот на носење на ова мислење, не беше пристигнат одговор на наводите од претставката ниту од Алфа Телевизија, ниту од [redacted], Комисијата при носењето на ова мислење ги ценеше единствено наводите изнесени во претставката.

По увид во наводите од претставката и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

На 26.6.2023 година на Алфа Телевизија била емитувана емисијата „За или против", во која гостувале [redacted] во Македонската православна црква и [redacted]- претставник од политичката партија Родина Македонија. [redacted]. Емисијата содржела низа спорни изјави, од кои некои се цитирани погоре во наводите од претставката.

Вознемирувањето како облик на дискриминација е дефинирано во **член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика".*

Според **член 9 од Законот**, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.

Во конкретниот случај, гостите во емисијата „За или против" изразиле свои мислења, ставови и идеи кои се понижувачки, навредливи и деградирачки кон трансродовите лица и кои ја охрабруваат дискриминацијата и омразата кон ЛБТИ луѓето.
Имено, тие ги искажале своите ставови кон трансродовите лица преку стереотипи, опишувајќи ги како опасни болни, нагласувајќи ја на тој начин стереотипната и штетна слика за нив и нивната позиција во општеството. Дополнително, преку етикетирање на трансродовите лица како лица кои се штетни за општеството и човештвото и доведуваат до негов распад, [redacted] сериозно го повредиле нивното достоинство и создале непријателска и застрашувачка средина.

Оттука, преку лажните тврдења кои тие ги изнеле во врска со трансродовите лица, гостите свесно придонеле кон дополнителна стигматизација и дехуманизација на тие лица.

Во овој контекст Комисијата истакнува дека правото на слободно изразување не го опфаќа она изразување кое охрабрува и поттикнува дискриминација кон одредена група на луѓе или јавно се залага за нивно маргинализирање и стигматизирање.

Во оваа насока, **член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права** ја регулира слободата на изразување на начин што во став 1 е пропишано дека секој човек има право на слобода на изразувањето, а тоа право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите, додека пак со став 2 се пропишани ограничувањата на тоа право. Со оглед на тоа што остварувањето на овие слободи со себе повлекува и обврски и одговорности, истото може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

Поради ова, правото на слобода на изразување, односно правото да се изрази сопствениот став за одредено прашање, не е неограничено. Заштитата на угледот и правата на другите претставува едно од легитимните ограничувања на ова право. Ова е од причина што толеранцијата и почитта кон достоинството на секој еден човек ги сочинуваат темелите на демократското, плуралистичко општество. Оттука, може да се смета за неопходно во одредени ситуации да се санкционира или дури спречи одредена форма на изразување со која се шири, поттикнува, промовира или оправдува нетолеранција и дискриминација.

Истовремено, Комисијата го зема предвид и фактот што едниот гостин е свештено лице, додека другиот е претставник на политичка партија, односно станува збор за лица кои можат да влијаат на јавноста со своите ставови и авторитети, поради што имаат дополнителна одговорност да не поттикнуваат дискриминација и да не повредуваат нечие достоинство.

Имајќи го сето ова предвид, уредникот и водител на емисијата имал одговорност да ги модерира изнесените содржини во емисијата. Наместо да интервенира, водителот се придружил на гостите во нивниот вознемирувачки говор, при што и самиот на крајот од емисијата ѝ порачал на јавноста: *„Имајќи предвид што сè се случува околу нас, чувајте се и вие и семејствата, многу!“*, со што го потврдил генералниот став од емисијата дека трансродовите лица претставуваат закана за општеството.

Оттука, со фактот што телевизијата овозможила платформа за изнесување на ваквите содржини и дополнително истите не ги отстранила, ниту пак реагирала, [redacted] и Алфа телевизија сториле повикување и поттикнување за дискриминација.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди повикување и поттикнување дискриминација од страна на Алфа Телевизија, [redacted] уредникот и водител на емисијата [redacted] и гостите во емисијата- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да упатат јавно извинување за говорот изнесен во емисијата [redacted]" емитувана на Алфа Телевизија на 26.6.2023 година со кој е извршено вознемирување врз основа на сексуална ориентација, род и родов идентитет. Извинувањето треба да го објават во истиот формат во кое е сторено вознемирувањето, во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Алфа Телевизија и водителот на емисијата [redacted] во иднина да се воздржат од емитување и поттикнување дискриминаторски и вознемирувачки содржини или содржини кои повикуваат, поттикнуваат или даваат инструкција за дискриминација врз било која дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку лицата не постапат согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Алфа Телевизија, ул. Качанички пат бр. 144, 1000 Скопје
- [redacted]
- 